# ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЛИЦИЈА

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ [1]Закон за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2014, 43/2014, 33/2015, 27/2016, 83/2018 и 198/2018).

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува организацијата, раководењето, надлежностите, овластувањата на Финансиската полиција, правата, обврските и одговорностите на финансиските полицајци, видовите на евиденции, обработката на личните податоци и други податоци, како и финансирањето на Финансиската полиција.

**Цел на Законот**

### Член 2

(1) Целта на овој закон е заштита на финансиските интереси на Република Македонија преку откривање и криминалистичко истражување на кривичните дела перење пари и други приноси од казниво дело, недозволена трговија, криумчарење, даночно затајување, како и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност.

(2) Со овој закон се обезбедува и заштита на финансиските интереси на Европската унија преку откривање и криминалистичко истражување на кривични дела поврзани со користењето на средства од програмите на Европската унија кои Република Македонија ги добива од буџетот на Европската унија.

**Начела**

### Член 3

Начела на работа на Финансиската полиција се:
- законитост - сите дејствија и активности кои се преземаат при откривањето на кривични дела се преземаат согласно со Уставот на Република Македонија, закони и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и закон,
- пропорционалност - во примена на со закон пропишаните овластувања при откривањето на кривичните дела, овластувањата мора да бидат сразмерни на потребите заради кои се преземаат притоа имајќи ја предвид сериозноста на ризиците кои произлегуваат од нивната примена, како и остварување на целта со најмалку штетни последици,
- ефикасност - во преземањето на дејствијата и активностите при откривањето на кривичните дела, нивното времетраење, како и рационално трошење на јавните средства заради нивно ефективно извршување и
- непристрасност - преземање на дејствијата и активностите во откривањето на кривични дела без какво било влијание на политички, лични финансиски интереси или пак постоење на какви било случаи на судир на интереси согласно со закон.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА

**Организација**

**Член 4**

(1) Работите на Финансиската полиција ги врши Управата за Финансиска полиција (во натамошниот текст: Финансиската полиција).

(2) Финансиската полиција е орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.

(3) Финансиската полиција своите надлежности ги спроведува на територијата на Република Македонија.

(4) Седиштето на Финансиската полиција е во Скопје.

(5) Финансиската полиција може во согласност со закон и ратификуваните меѓународни договори да врши определени дејствија од својата надлежност и надвор од територијата на Република Македонија.

(6) Финансиската полиција има печат и штембил и работи под името Министерство за финансии - Управа за Финансиска полиција.

**Симбол на Финансиската полиција**

**Член 5**

(1) Финансиската полиција има свој симбол во форма на штит со три натписа: во горниот дел во два реда на кирилско писмо со темно сина боја е испишано РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, под него во три реда стои натписот УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА, а во долниот дел, полукружно, со латинско писмо во темно сина боја е испишано FINANCIAL POLICE. Во средишниот дел е стилизирано знамето на Република Македонија слично на кована монета од еден денар, обиколена со венец од двете страни. Под стилизираното знаме стои изгравиран серискi број од четири нули.

(2) Начинот на употреба на симболот од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за финансии на предлог на директорот на Финансиската полиција (во натамошниот текст: директорот).

**Организациона поставеност**

**Член 6**

Финансиската полиција работите од својата надлежност ги извршува преку Управата и подрачните единици.

**Вработени**

**Член 7**

Во Финансиска полиција работните места на вработените се групираат во групи и подгрупи согласно со Законот за вработените во јавниот сектор: 2
- административни службеници,

- работни места на овластени службени лица во Финансиската полиција и
- помошно-технички лица.

(2) Вработените во Финансиската полиција кои вршат работи од административна природа имаат статус на административни службеници.

(3) За вработените од ставот (2) на овој член категориите, нивоата и звањата се утврдуваат согласно со Законот за административните службеници.

(4) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

(5) Вработените во Финансиската полиција, кои вршат помошно-технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

(6) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето и други прашања во врска со работниот однос вработените од ставот (5) на овој член се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработени во јавен сектор и општите прописи за работни односи.

(7) Овластените службени лица од ставот (1) алинеја 2 на овој член имаат овластувања 24 часа на ден.

**Класификација на работни места на овластени службени лица во Финансиската полиција**

**Член 7-а**

(1) За овластените службени лица во Финансиската полиција се утврдуваат следните категории на работни места:
- категорија А - старешини,
- категорија Б - финансиски полицајци и
- категорија В - финансиски полицаец - службеник за прифат 3

(2) Во рамките на категоријата А се утврдуваат следниве нивоа на работни места старешини:
- ниво А1 советник - помошник на директорот,
- ниво А2 раководител на сектор и
- ниво А3 раководител на одделение-главен инспектор.

Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места на даватели финансиски полицајци:
- ниво Б1 самостоен инспектор,
- ниво Б2 виш инспектор,
- ниво Б3 инспектор и
- ниво Б4 помлад инспектор.

Во рамките на категоријата В се утврдува следното ниво на работно место на финансиски полицаец:
- В1 - службеник за прифат 4

**Статус на директорот и заменикот на директорот**

**Член 7-б**

Директорот и заменикот на директорот имаат статус на овластени службени лица.

**Припадници на финансиската полиција**

**Член 7-в**

Припадници на финансиската полиција се овластените службени лица од членовите 7-а и 7-б од овој закон.

**Приправнички стаж**

**Член 7-г**

(1) Финансиските полицајци од категорија Б, ниво Б4 - помлад инспектор и од категорија В, ниво В1 - службеник за прифат, кои за првпат засноваат работен однос во Финансиската полиција имаат статус на приправници.

(2) За финансиски полицајци-приправници во поглед на основните права и обврски од работен однос ќе се применуваат Законот за работните односи и Колективниот договор на Управата за финансиска полиција.

(3) Приправничкиот стаж трае шест месеци.

(4) На крајот на приправничкиот стаж, приправникот мора да полага стручен испит, којшто е составен дел на приправничкиот стаж, а се полага пред истекувањето на приправничкиот стаж. Доколку приправникот не го положи стручниот испит, не може да заснова редовен работен однос во Финансиската полиција, односно работниот однос му престанува.

(5) Програмата за приправничкиот стаж ја утврдува директорот.

**Обележја**

**Член 8**

(1) Финансиските полицајци имаат службена униформа, службена легитимација и значка.

(2) Пред преземање на кое било службено дејствие финансиските полицајци се легитимираат, освен кога со легитимирањето може да се загрози целта на мерките што се преземаат согласно со закон.

(3) Службената легитимација која ја издава директорот на Финансиската полиција има важност од шест години.

(4) По истекот на важноста на легитимацијата, финансискиот полицаец е должен да ја врати старата легитимација на издавачот и да задолжи нова легитимација.

(5) Во случај на откажување на договорот за вработување, односно суспензија, финансискиот полицаец е должен да ја врати легитимацијата на издавачот.

(6) Во случај на враќање на работа и доколку не се утврди постоење на дисциплинска одговорност, финансискиот полицаец повторно се задолжува со легитимацијата.

(7) Формата и содржината на службената легитимација, формата на значката, изгледот и видот на службената униформа, како и начинот на нивното користење ги пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

## III. РАКОВОДЕЊЕ

**Директор и заменик директор**

### Член 9

(1) Со работата на Финансиската полиција раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии.

(2) За својата работа и работата на Финансиската полиција директорот е одговорен пред Владата на Република Македонија и министерот за финансии.

(3) Директорот е самостоен во извршувањето на работите на Финансиската полиција и ги има сите овластувања согласно со овој закон.

(4) Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии.

(5) За именување на директор и заменик на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(6) За директор и заменик на директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум пет години работно искуство;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(7) Директорот и заменикот на директорот се именуваат за време од четири години и можат повторно да бидат именувани за уште еден мандат.

**Работи што ги врши директорот**

**Член 10**

(1) Директорот на Финансиската полиција ги врши следниве работи:
- ја претставува и застапува Финансиската полиција,
- организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите во Финансиската полиција,
- одлучува за изборот на кандидати за вработување, наградување и унапредување на вработените во Финансиската полиција, по добиена согласност од министерот за финансии 5
- одлучува за распоредување и суспендирање на вработените во Финансиската полиција, согласно со одредбите од овој закон или друг закон,
- го предлага буџетот на Финансиската полиција,
- го донесува финансискиот план на Финансиската полиција,
- ја донесува годишната програма за работа на Финансиската полиција,
- предлага донесување на подзаконски акти за спроведување на овој закон,
- донесува оперативни инструкции за практичното работење на финансиските полицајци и другите вработени во Финансиската полиција,
- одлучува за дисциплинска одговорност на вработените,
- донесува акти за организација и работа и акт за систематизација на работните места во Финансиската полиција по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии 6
- одлучува за правата и обврските на вработените во Финансиската полиција согласно со закон и Колективниот договор на Финансиската полиција,
- формира комисии и други работни тела во Финансиската полиција и
- врши и други работи утврдени со закон.

(2) Директорот раководи и ја претставува финансиската полиција, организира и обезбедува законито, ефикасно и стручно вршење на работите на Финансиската полиција, донесува решенија, налози и интерни наредби, упатства, планови и програми, опомени со препораки и други акти.

(3) Директорот може привремено да пренесе одделни негови надлежности на раководни финансиски полицајци и на раководни стручно-административни службеници освен оние работи кои се во изречна надлежност на директорот.

**Престанок на мандатот на директорот и неговиот заменик**

**Член 11**

(1) Мандатот на директорот на Финансиската полиција и неговиот заменик престанува:
- по истекот на четири години од денот кога е именуван,
- во случај на смрт,
- во случај на оставка,
- во случај на разрешување,
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци,
- кога од страна на судот му е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење на дејност на раководно лице во институција,
- ако трајно ја загуби работната способност за вршење на функцијата и
- кога ќе ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот и неговиот заменик можат да бидат разрешени согласно со ставот (1) алинеја 4 на овој член поради:
- нестручно и несовесно извршување на функцијата и изостанување на позитивни резултати во работата на Финансиската полиција, што го утврдува комисија формирана од Владата на Република Македонија врз основа на споредбена анализа на извештаите за постигнатите резултати на Финансиската полиција во период од два мандата и
- во случај на долготрајна тешка болест која го спречува во извршувањето на функцијата.

## IV. НАДЛЕЖНОСТИ

### Надлежности

#### Член 12

(1) Финансиската полиција има надлежност да:
1) открива и врши криминалистичко истражување на кривични дела кои се гонат по службена должност како што се: перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273, недозволена трговија од членот 277, криумчарење од членот 278, даночно затајување од членот 279 од Кривичниот законик и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност, како и фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција согласно со закон;
2) прибира и анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела, ја следи трагата на парите со цел за откривање на казниви дела утврдени со закон, врши увид и преглед на сметководствени податоци и евиденции во компјутерски системи во присуство на одговорно лице или од него овластено лице и врши други работи согласно со закон;
3) врши форензичка компјутерска анализа на привремено одземени, компјутерски системи и други електронски уреди;
4) поднесува кривични пријави до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од нејзина надлежност, кои се гонат по службена должност;
5) поднесува иницијатива за поведување на даночна и друга постапка за утврдување и наплата на јавните давачки пред надлежниот орган;
6) врши други работи утврдени со закон.

### Овластувања на Финансиската полиција

#### Член 13

(1) Финансиската полиција при вршење на работите од своја надлежност има овластување да врши:
1) проверка на идентитет на лица;
2) повикување на граѓани и собирање на информации;
3) приведување;
4) лишување од слобода;
5) задржување;
6) пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време;
7) привремено одземање на предмети;
8) увид и преглед во деловни книги и друга документација;

9) прикриено полициско дејствување;
10) сопирање, преглед на лица, багаж и превозни средства;
11) собирање, обработка, анализа, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци;
12) обезбедување на примероци од ракопис и потпис;
13) употреба на техничка опрема и
14) примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци согласно со Законот за кривичната постапка.

(2) Финансиските полицајци се овластени да носат оружје и други средства за присилба.

**Проверката на идентитетот на лице**

**Член 14**

(1) Проверката на идентитетот на лице ќе се примени кон лицето:
- кое треба да се лиши од слобода, приведе или задржи,
- над кое се извршува преглед или претрес или се преземаат други со закон утврдени мерки и активности,
- кое е затечено во туѓ дом, објект и други простории или во превозни средства над кои се извршува преглед или претрес, ако е потребна проверката на идентитетот,
- кое е затечено на простор или објект на кој е привремено ограничена слободата на движење и задржување, ако неопходно е потребна проверката,
- кое пријавува извршено кривично дело или сторителите на тие дела, односно соопштува информации од интерес на работата на Финансиската полиција, освен ако лицето кое го пријавува кривичното дело не сака да се идентификува,
- кое со своето однесување предизвикува сомневање дека е сторител на кривично дело или дека има намера да стори такви дела или кое одговара на описот на лице по кое се трага,
- кое ќе се затече на местото на извршено кривично дело и
- во други случаи утврдени со закон.

(2) Финансискиот полицаец е должен да го запознае лицето за причините за проверката на неговиот идентитет.

(3) Проверка на идентитетот на лице се врши со увид во неговата лична карта или друга јавна исправа со негова фотографија.

(4) Ако лицето одбива или не е во можност да даде податоци за себе или да го докаже идентитетот може да биде задржано за време потребно за утврдување на идентитетот, согласно со Законот за кривичната постапка.

**Повикување на граѓани и собирање на информации**

**Член 15**

(1) Финансиската полиција со писмена покана повикува граѓани во службените простории да дадат потребни известувања за непосредните забележувања во врска со одредени факти и околности.

(2) Постапката и начинот на повикување на граѓаните се врши согласно со Законот за кривичната постапка.

(3) Финансискиот полицаец зема потребни известувања од граѓани само откако претходно ќе изврши идентификација на лицето и тоа ќе се поучи на јазик кој го разбира за неговите права, согласно со Законот за кривичната постапка.

**Приведување**

**Член 16**

(1) Лице може да се приведе врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член може да се приведе заради спроведување во просториите на Финансиската полиција, друг надлежен државен орган или до местото одредено со наредбата.

(3) Финансискиот полицаец е должен на лицето кое треба да го приведе да му ја предаде наредбата од ставот (1) на овој член и да го повика доброволно да појде со него.

(4) Финансискиот полицаец нема да му ја врачи наредбата од ставот (1) на овој член на лицето за кое основано се сомнева дека ќе даде активен отпор.

(5) Лицето може да се приведе во време од 6,00 до 22,00 часот.

(6) Во случај кога приведувањето е нужно заради преземање на полициските работи кои не трпат одлагање, лицето може да се приведе и надвор од времето утврдено во ставот (5) на овој член.

**Лишување од слобода**

**Член 17**

(1) Финансиската полиција може без одлука на суд да лиши од слобода и лице за кое постојат основи на сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност само ако постои опасност од одлагање, ако постои некоја од причините за притвор согласно со закон, но е должна веднаш, а најдоцна во рок од шест часа од лишувањето од слобода да го изведе лицето пред надлежниот судија на претходната постапка и за тоа да го извести јавниот обвинител.

(2) При лишувањето од слобода лицето веднаш ќе се запознае за причините за лишувањето од слобода и ќе се поучи за правата согласно со закон.

**Задржување**

**Член 18**

(1) Финансиската полиција, по исклучок, лицето лишено од слобода може да го задржи, ако задржувањето е потребно заради утврдување на идентитетот, проверување на алиби или од други причини е потребно да се соберат нужни податоци за водење на постапката против тоа лице.

(2) Лицето лишено од слобода мора во рок од најмногу шест часа да се доведе пред службеникот за прифат.

(3) Лицето лишено од слобода кое е задржано мора да биде известено за причините за лишувањето од слобода и за задржувањето, како и за кривичното дело за кое се товари, ќе се поучи за правото на молчење, правото на информирање на семејството или друго лице по негов избор, правото на бранител и на лекарски преглед. На овие права лицето може да се повика веднаш или во кое било време додека е задржано.

(4) Во однос на задржувањето на лица соодветно се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка.

**Пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време**

**Член 19**

(1) Финансискиот полицаец е овластен да пренасочи, насочи или ограничи движење на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време заради:
1) постоење основи за сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност;
2) пронаоѓање и фаќање на сторител на кривично дело;
3) откривање и обезбедување на траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ во постапката и
4) собирање на известувања што можат да бидат од корист за успешно водење на постапката.

(2) Пренасочувањето, насочувањето или ограничувањето на движењето од ставот (1) на овој член не смее да трае подолго од времето неопходно потребно за остварување на целта заради која истото се применува, а не подолго од шест часа.

**Привремено одземање на предмети**

**Член 20**

(1) Финансискиот полицаец може привремено да одземе предмети, компјутерски податоци, писма, телеграми и други пратки, списи, исправи, технички снимки и друго што според Кривичниот законик треба да се одземат или што можат да послужат како доказ во кривичната постапка и истите ќе му се предадат на чување на јавниот обвинител или органот определен со посебен закон или на друг начин ќе се обезбеди нивното чување.

(2) Наредбата за привремено одземање на предмети ја издава судот на предлог на Финансиската полиција.

(3) При одземањето на предметите ќе се назначи каде се пронајдени и ќе се опишат, а по потреба и на друг начин ќе се обезбеди утврдување на нивната идентичност. За одземените предмети се издава потврда.

(4) Одземањето, чувањето и постапувањето со одземените предмети се врши на начин определен со Законот за кривичната постапка или друг закон.

**Увид и преглед во деловни книги и друга документација**

**Член 21**

(1) Финансискиот полицаец врши увид и преглед во деловни книги, документи, компјутери и други електронски уреди или механички направи во кои се чуваат податоци и друга евиденција, заради вршење на финансиска анализа на истите.

(2) Увид и преглед во деловните книги и друга евиденција се врши кога е потребно непосредно забележување, кога документацијата послужила како средство за повреда на законите или сокривање на важни факти и кога можат да се најдат траги или докази за кривично дело за кое се гони по службена должност.

(3) Финансискиот полицаец е овластен во присуство на одговорно лице или од него овластено лице да изврши преглед на лица, предмети, деловни простории, простории на државни органи и институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да изврши увид во определена нивна документација заради обезбедување на документација за успешно водење на кривичната постапка.

**Прикриено полициско дејствување**

**Член 22**

(1) Во постапката на собирање информации Финансиската полицијата може да преземе мерки на прикриено полициско дејствување кога ќе се утврди дека со други полициски методи не може да се постигне целта на вршењето на полициските работи.

(2) Мерки на прикриено полициско дејствување се засилено прикриено набљудување и оперативен надзор на јавни места.

(3) Мерките од ставот (2) на овој член се преземаат по наредба на директорот или од него овластен работник.

**Сопирање, преглед на лица, багаж и превозни средства**

**Член 23**

Финансискиот полицаец е овластен да изврши сопирање, легитимирање, преглед или претрес на лице, превозното средство и багажот кој лицето го носи со себе кога тоа е неопходно заради пронаоѓање на предмети кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривично дело или предмети што можат да послужат како доказ, согласно со закон.

**Собирање, обработка, анализирање и користење на податоци**

**Член 24**

(1) Финансиската полиција собира, обработува, анализира, користи и води евиденции за личните и други податоци за правни и физички лица за чие прибирање е овластена со овој и друг закон, заради спречување и откривање на казниви дела од нејзина надлежност.

(2) Финансиската полиција собира лични и други податоци непосредно од лице на кое тие податоци се однесуваат и од други лица кои за тоа нешто знаат или од веќе постојните евиденции на податоци, кои согласно со закон ги водат надлежните државни органи, институции и установи.

(3) Директорот одлучува за оправданоста на потребата за пристап и начинот на пристап до овие податоци и евиденциите кога тие се бараат за користење од страна на надлежни стручни и научни институции заради истражувачка работа, како и нивно доставување до домашни и странски полициски служби и меѓународни организации во согласност со прописите за класифицирани информации, прописите за заштита на личните податоци и ратификуваните меѓународни договори.

**Обезбедување на примероци од ракопис и потпис**

**Член 25**

(1) Финансискиот полицаец ќе обезбеди примероци на ракопис и потпис од лице, доколку е неопходно да се утврдат и докажат определени факти и да се утврди автентичноста и потеклото на документот за што соодветно се применуваат стандардите за вештачење на потписи или ракописи согласно со закон.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член е должно да даде свои примероци од ракопис и потпис.

**Употреба на техничка опрема**

**Член 26**

(1) Финансиската полиција може заради спроведување на своите надлежности да користи службени возила опремени со светлосна и звучна сигнализација, како и друга техничка опрема.

(2) Начинот на употребата на светлосната и звучната сигнализација, како и на другата техничка опрема на предлог на директорот ја пропишува министерот за финансии.

**Примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци согласно со Законот за кривичната постапка**

**Член 27**

(1) Кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат, Финансиската полиција може да преземе посебни истражни мерки утврдени во Законот за кривичната постапка.

(2) Посебните истражни мерки може да се определат кога постојат основи на сомневање за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, а се подготвуваат, во тек е извршување или се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, како и во други случаи определени со Законот за кривичната постапка.

**Известување на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**

**Член 27-а**

По прием на кривична пријава или добиено сознание дека овластено службено лице во Финансиската полиција извршило кривично дело при вршење на службено дејствие или извршило

кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, Финансиската полиција без одлагање го известува Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Финансиската полиција, заедно со известувањето ги доставува до Одделението сите извори на сознанија за стореното кривично дело, сторителот и жртвата и други извори на информации со кои располага.

**Оружје и други средства за присилба**

**Член 28**

(1) Финансиските полицајци при спроведување на своите овластувања носат и поседуваат службено огнено оружје и други средства за присилба кои можат да ги употребат при вршењето на своите овластувања.

(2) Средства за присилба на Финансиската полиција се средства за врзување на лица кои се користат заради совладување на отпор при приведување на лица и лишување од слобода на лица, при вршењето на работите од нејзина надлежност.

(3) Финансискиот полицаец е овластен да употреби огнено оружје, доколку со другите средства за присилба не може да одбие од себе или од друг истовремен непосреден противправен напад со кој се загрозува неговиот живот или телесниот интегритет, како и животот или телесниот интегритет на други лица.

(4) Огненото оружје и другите средства за присилба се користат само за извршување на работните задачи на финансискиот полицаец кој е задолжен со истите.

(5) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии, поблиску ги пропишува употребата на средствата за присилба, како и носењето и употребата на огненото оружје од страна на финансиските полицајци.

(6) Финансиската полиција на финансиските полицајци им обезбедува периодична обука и тренинг за ракување со огнено оружје и употреба на други средства за присилба, под непосреден стручен надзор од страна на лица за обука од Министерството за внатрешни работи.

(7) По добиена информација од страна на надлежна институција, за започната постапка за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, на финансискиот полицаец кој при спроведување на своите надлежности носи и поседува огнено оружје, времено ќе му се одземе огненото оружје и муницијата, до правосилна одлука во кривичната, односно прекршочната постапка.

(8) На финансискиот полицаец кој при спроведување на своите надлежности носи и поседува огнено оружје, времено ќе му се одземе огненото оружје и муницијата, кога надлежниот центар за социјални работи ќе ја извести Управата за финансиска полиција дека финансискиот полицаец сторил семејно насилство, до правосилноста на одлуката на надлежен суд за привремена мерка за забрана.

(9) Одземањето на огненото оружје и муницијата од ставовите (7) и (8) на овој член, трае до завршувањето на постапката која последна ќе заврши со правосилна одлука.

(10) Решението за времено одземање на огненото оружје и муницијата го донесува директорот на Управата за финансиска полиција.

(11) Финансиски полицаец за кој е поведена постапка за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, односно е добиено известување од надлежен центар за социјални работи дека сторил семејно насилство, директорот го упатува на задолжителен психијатриски и психолошки преглед, односно советување со психолог (психолошко советување).

(12) Наодот од психијатрискиот и психолошкиот преглед, односно советувањето со психолог (психолшко советување) со задолжителен наод и мислење за способноста на финансискиот полицаец дали може да биде распореден на работно место со овластување за носење и употреба на службено огнено оружје се доставува до Управата за финансиска полиција.

## V. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ЕВИДЕНЦИИ

### Евиденции

### Член 29

(1) Финансиската полиција ги води следниве евиденции:
- евиденција на лица кои се повикани,
- евиденција на лица кои се лишени од слобода,
- евиденција на лица кои се задржани,
- евиденција на лица кои се приведени,
- евиденција на физички лица и правни лица за кои постојат основи на сомнение дека се сторители на кривични дела за кои се гони по службена должност,
- евиденција за поднесени кривични пријави за физички и правни лица,
- евиденција на барања за собирање на потребни известувања доставени од основно јавно обвинителство,
- евиденција за посебни извештаи доставени до основно јавно обвинителство,
- евиденција за применети посебни истражни мерки,
- евиденција за преземени оперативни мерки и активности по кривично правен настан,
- евиденција за криминалистички контроли,
- евиденција за криминалистички обработки,
- евиденција за извршени претреси,
- евиденција за издадени потврди за привремено одземени предмети,
- евиденција за поука за право на бранител,
- евиденција за преземени мерки и активности во кои не се утврдени елементи на кривични дела,
- евиденција за службени белешки,
- евиденција на привремено одземени компјутерски системи и други електронски уреди од правни и физички лица кои се предмет на компјутерска форензичка анализа во Финансиската полиција и
- евиденција на тврди дискови во сопственост на Финансиската полиција во кој се чуваат дигитални податоци од извршената компјутерска форензика од привремено одземените електронски уреди и
- евиденција за оперативни информации и други евиденции.

(2) Личните податоци од евиденциите од ставот (1) на овој член се обработуваат согласно со прописите за заштита на личните податоци.

**Лични податоци во евиденциите**

**Член 30**

Лични податоци од евиденциите од членот 29 став (1) од овој закон се името и презимето, името и презимето на родителите, местото на раѓање, местото на живеење, денот, месецот и годината на раѓање, единствениот матичен број, назив и седиште на правниот субјект каде што е вработен, државјанството, занимањето и образованието.

**Рокови за чување на евиденциите**

**Член 31**

Личните податоци од евиденцијата од членот 29 став (1) од овој закон се чуваат:
- податоците од ставот 1 алинеи 1, 17 и 20 - две години,
- податоците од ставот 1 алинеи 2, 3, 4, 5 и 16 - пет години,
- податоците од ставот 1 алинеја 9 - десет години и
- податоците од ставот 1 алинеи 6, 7, 8, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 18 и 19 - трајно од денот на внесувањето во евиденцијата.

## VI. КРИВИЧНА ПРИЈАВА

**Член 32**

Врз основа на собраните докази за постоење на основи на сомнение за сторени кривични дела од надлежност на Финансиската полиција и кривична одговорност на сторителите, Финансиската полиција поднесува кривична пријава до надлежниот јавен обвинител во која ги наведува доказите. Кон кривичната пријава се доставува документација, предмети, скици, фотографии, прибавени извештаи, записници, службени белешки, изјави и други докази.

## VII. СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА, ЗАПИСНИК, ПОТВРДА И ОПЕРАТИВНА ИНФОРМАЦИЈА

**Член 33**

(1) За преземените дејствија во постапката за откривање и документирање на кривични дела од својата надлежност, финансискиот полицаец составува записник, службена белешка или оперативна информација, а за привремено одземените предмети се издава потврда.

(2) Финансискиот полицаец составува записник за преземените дејствија на претрес и увид на деловни простории, претрес, лишување, приведување на лица, како и запирање и прегледување на превозно средство. Записникот содржи податоци за сите факти и околности при преземање дејствија, истиот го потпишуваат финансискиот полицаец и лицето кај кое или врз кое се преземаат дејствијата.

(3) За преземените мерки и дејствија за утврдување и проверка на одделните факти и околности што ќе ги утврди финансискиот полицаец при спроведување на овластувањата составува службена белешка.

(4) За добиените сознанија и нови податоци кои можат да придонесат за отворање на нова предистражна постапка, во врска со сторено кривично дело и сторители, финансискиот полицаец составува оперативна информација.

(5) Финансискиот полицаец ќе издаде потврда за привремено одземено превозно средство; привремено одземена стока при транспорт, складирана или ставена во промет; привремено одземени парични средства, хартии од вредност, предмети, документи и привремено одземени електронски, механички и други апарати. Потврдата ја потпишуваат финансискиот полицаец и лицето од кое се одзема.

(6) Доколку лицето врз кое се преземаат дејствијата одбие да ја потпише потврдата или записникот, финансискиот полицаец тоа ќе го наведе во документот.

## VIII. ОБВРСКИ НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

### Член 34

(1) Правните и физичките лица се должни на Финансиската полиција да и овозможат непречен пристап до деловни книги и друга евиденција, документи, записници, меморандуми, компјутерски податоци, податоци од даночните пријави и да создадат потребни услови за пристап во деловни и работни простории, магацини и други објекти за складирање на стока, во согласност со одредбите од овој и друг закон.

(2) На барање на Финансиската полиција податоците за вршење на работите во платниот промет на учесникот во платниот промет не претставуваат деловна тајна за носителот на платен промет и истиот е должен на барање да ги достави во определениот рок во форма и начин кој ќе биде определен од страна на Финансиската полиција.

(3) Финансиската полиција во работите од нејзина надлежност не плаќа такси, надоместоци и други трошоци за работите кои во текот на спроведувањето на надлежноста и ги даваат државни органи, органи надлежни за водење регистри, носители на платен промет, учесниците во платниот промет, како и судски трошоци.

## IX. СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ

### Член 35

(1) Во извршување на работите од својата надлежност Финансиската полиција соработува со Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Управата за финансиско разузнавање, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Државниот девизен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и други инспекциски органи, државни органи и правни лица кои со закон се надлежни за спречување и откривање на казниви дела.

(2) Органите на државната управа и другите државни органи, институции или правни лица кои по службена должност прибираат податоци и водат евиденции, во согласност со закон, се должни да ги доставаат тие податоци на барање на Финансиската полиција.

(3) Финансиската полиција соработува со Министерството за внатрешни работи особено при:
- случаите на преземање оперативни активности на собирање докази, распит на граѓани, приведување на лица, потраги, асистенции, вршење на доставa и проверки на лица и нивно

живеалиште или престојувалиште,
- проверка на податоци за лица и моторни возила кои ја преминувале границата на Република Македонија на граничните премини, вештачење при утврдување на веродостојност на трагите на кривичното дело, веродостојност на потписи, фалсификувања и слично,
- користење на воспоставените бази на податоци евиденции на граѓани, криминалитет и странци, државјанство, ЕМБГ, моторни возила, оружје и патни исправи и други евиденции со кои располага Министерството за внатрешни работи,
- координација, работа во тимови, размена на криминалистички податоци во случаите на преземање заемни оперативни активности,
- соработка со меѓународните полициски организации - ИНТЕРПОЛ и ЕУРОПОЛ, учество во Националното биро за меѓународна полициска соработка и други механизми за соработка со полициите на други држави,
- користење на опрема и простории во случаите на преземање на активности за следење на комуникациите, оперативно извидување и документирање, електронско набљудување и документирање на прикриени операции и
- заедничко усовршување на професионалните стандарди и техники во борбата против организираниот или друг вид криминал од надлежност на двете страни.

## X. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Член 36

(1) Финансиската полиција може да соработува и разменува информации со странски полициски и државни органи, организации од други држави и меѓународни организации во областа на финансиски криминал врз основа на билатерални договори и ратификувани меѓународни договори за работите од нејзината надлежност.

(2) Финансиската полиција соработува со OLAF (Европска агенција за борба против измами).

## XI. СПЕЦИФИЧНОСТИ ВО ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

**Примена на општи прописи**

### Член 37

(1) На финансиските полицајци се применува овој закон, Законот за работните односи, Закон за вработените во јавниот сектор и прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување, Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија и Колективниот договор на Финансиската полиција, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**Вработување на финансиски полицаец**

### Член 38

(1) Во Финансиската полиција како финансиски полицаец може да се вработи лице кое покрај општите услови ги исполнува и посебните услови предвидени со овој закон и актот за систематизација на работните места и актот за организација на работата во Финансиската полиција.

(2) За финансиски полицаец може да биде вработено лице, кое:
а) е државјанин на Република Македонија;
б) е психофизички здраво (способно) и со предиспозиции за вршење на работите на финансиски полицаец;
в) има ниво на квалификации:
- за категориите А и Б - VI А според Националната рамка на високо-образовните квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование од областа на правните науки, економските науки, безбедноста или информатичко-комуникациските науки,
- за категоријата В - IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование;
г) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
д) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
ѓ) има работно искуство во струката и тоа:
- за ниво А1 - најмалку 7 години работно искуство,
- за ниво А2 - најмалку 5 години работно искуство,
- за ниво А3 - најмалку 5 години работно искуство,
- за ниво Б1 - најмалку 3 години работно искуство,
- за ниво Б2 - најмалку 3 години работно искуство,
- за ниво Б3 - најмалку 3 години работно искуство,
- за ниво Б4 - со или без работно искуство и
- за ниво В1 - најмалку 2 години работно искуство;
е) со безбедносна проверка спроведена од страна на надлежен орган да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето;
ж) поседува други посебни работни компетенции за работното место утврдени во актот за систематизација.

(3) При вработувањето во Финансиската полиција се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност.

(4) При вработувањето во Финансиската полиција треба да се почитува принципот на еднаквост на половите.

**Постапка за вработување**

**Член 39**

(1) Финансиски полицаец заснова работен однос врз основа на јавен оглас и на постапка и под услови утврдени со овој закон.

(2) По исклучок, работен однос во Финансиската полиција без јавен оглас се заснова за определени работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во Финансиската полиција и за стипендисти на Министерството за финансии со завршени студии, како и завршени студенти на Полициската академија - криминалисти.

(3) Постапката по јавен оглас за прием на лице во Финансиската полиција може да трае и подолго, но не подолго од три месеци.

(4) Во Финансиската полиција може да се вработи лице со преземање, без огласување на работното место, од еден во друг државен орган со негова согласност, на работно место кое

одговара на неговата стручна подготовка, односно квалификации, кога тоа го налага потребата на Финансиската полиција, по претходно мислење на министерот за финансии.

(5) Директорот може да побара од надлежните државни институции податоци за лице кое е во постапка за вработување како финансиски полицаец, за постоење на евентуални пречки кои ја загрозуваат безбедноста на работењето на Финансиската полиција.

(6) Директорот врз основа на квалификациите, стручноста и знаењата на пријавените кандидати, одлучува за изборот по добиена согласност од министерот за финансии.. 7

**Престанок на работен однос**

**Член 40**

(1) На финансискиот полицаец работниот однос му престанува, ако:
1) сам тоа го побара;
2) трајно ја загуби здравствената и физичката способност за извршување на должностите во Финансиската полиција како последица на болест или намалување на физичките или менталните капацитети;
3) не ги исполнува посебните услови од членот 38 став (2) алинеи 1, 3 и 5 од овој закон за вработување на финансиски полицаец;
4) му е изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос со денот на врачувањето на конечното решение;
5) поради издржување казна затвор мора да биде отсутен од работа подолго од шест месеци - со денот на упатувањето на издржувањето на казната;
6) ги исполни условите за пензија согласно со закон;
7) се укине работното место поради организациски промени, намалување на надлежноста и обемот на работата на Финансиската полиција, а истиот одбие прераспоредување и
8) биде оценет со оцена “не задоволува“ трипати последователно или во последните пет години најмалку трипати.

(2) За престанокот на работниот однос одлучува министерот за финансии.

**XII. ОБВРСКИ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ ВО ФИНАНСИСКАТА ПОЛИЦИЈА**

**Општи обврски**

**Член 41**

(1) Финансиските полицајци имаат обврска:
1) работните задачи да ги вршат совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено во согласност со Уставот, закон и други прописи за Финансиската полиција;
2) да ги извршуваат наредбите од непосредно претпоставениот раководител и да постапуваат по нив во согласност со Уставот, закон и друг пропис;
3) да го почитуваат пропишаното работно време и
4) опремата што им е дадена на користење за извршување на нивните должности да ја употребуваат со должно внимание и како добар домаќин во согласност со нејзината намена и истата да не ја користат во приватни цели.

(2) Финансискиот полицаец покрај обврските од ставот (1) на овој член ги има и следниве обврски:
1) да ја врши својата работа непристрасно и без влијание од политичките партии, да не се

раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот и да го штити угледот на Финансиската полиција;
2) по наредба на непосредниот раководен финансиски полицаец - старешина, полициските работи да ги извршува и подолго од полното работно време, ако тоа е нужно заради нивно успешно и навремено извршување;
3) стручно да го усовршува своето знаење заради унапредување на професионалните барања со постојано почитување и применување на прописите за вршење на своите службени должности;
4) да се однесува во согласност со Кодексот на однесување на Финансиската полиција и пропишаните правила за ред и дисциплина на Финансиската полиција;
5) да ги почитува сите безбедносни мерки за да не дојде до загрозување на неговиот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите вработени во Финансиската полиција и граѓаните;
6) не смее да биде член на управен одбор и надзорен орган на трговски друштва, јавни претпријатија, установи и други правни лица;
7) да не дава послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност, кои на работникот му се доверени во вршењето на работите и задачите и
8) да не користи привилегии и ослободувања, барање или примање материјална или друга корист при исполнување на своите службени обврски.

(3) Финансиските полицајци во Финансиската полиција се должни да ракуваат и да ги чуваат класифицираните информации согласно со прописите за класифицирани информации.

(4) Финансиските полицајци во Финансиската полиција се должни да ги собираат, обработуваат и чуваат личните податоци согласно со одредбите од овој закон и прописите за заштита на лични податоци.

(5) Финансиските полицајци во Финансиската полиција за непридржување кон обврските пропишани со ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член подлежат на дисциплинска, прекршочна и кривична одговорност во согласност со закон.

**Обука и договор за обука**

**Член 42**

(1) Финансиската полиција, планира, организира и спроведува обуки за вработените.

(2) Со вработен кој се упатува на обука чија вредност надминува десет просечни плати исплатени во Република Македонија последниот месец пред упатувањето, Финансиската полиција склучува договор во писмена форма со кој се уредуваат правата и обврските на договорните страни.

(3) Работникот кој нема да ги исполни обврските од склучениот договор од ставот (2) на овој член е должен да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за три пати.

**Барање за медицински преглед**

**Член 43**

(1) Засновање работен однос во Финансиската полиција се врши откако од страна на определена здравствена установа ќе се утврди дека кандидатот за финансиски полицаец исполнува соодветни здравствени стандарди за вршење на работите на работното место.

(2) Во случаите кога финансискиот полицаец не ги исполнува задоволително своите работни задачи, а кога подолго време отсуствува од работа, или постои сомневање за неговата здравствена состојба, директорот може да одлучи да го упати финансискиот полицаец на вонреден медицински преглед.

(3) Начинот на проверка на работните способности за вработување во Финансиската полиција ги пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

**Надворешни активности**

**Член 44**

(1) Финансиските полицајци не смеат да вршат никаква друга функција поврзана со остварување на профит, а која е во судир со нивната службена должност.

(2) Против финансиските полицајци кои се однесуваат спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член ќе биде покрената дисциплинска постапка.

## XIII. ОСНОВНИ И ПОСЕБНИ ПРАВА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ ОД РАБОТЕН ОДНОС

**Плата, осигурување и надоместоци**

**Член 45**

(1) Финансиските полицајци имаат право на плати, надоместоци на плата и други надоместоци кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Финансискиот полицаец, поради специфичностите на работите кои ги извршува, има право на плата зголемена за 30% од основицата утврдена со актот за исплата на плата и надоместоци.

(3) Финансискиот полицаец има право на додаток на плата за работа подолга од полното работно време и за работа ноќе и денови на викенд (сабота и недела) од 40% и за работа во денови на празник од 50%. На финансискиот полицаец во случај на привремена неспособност за работа, настаната при вршење или по повод вршење на работите и задачите, му припаѓа надоместок во висина на тековната плата за времето на отсуство од работа.

(4) На финансискиот полицаец согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување, стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, така што старосната граница за стекнување на право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемување на стажот и тоа за по една година за секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

(5) Платата на финансискиот полицаец може да се утврди во зголемен или намален износ до 30%, сразмерно на извршените работи од работното место, односно доверените работи и придонесот на финансискиот полицаец во вкупното работење во Финансиската полиција, а врз основа на оценување за работењето.

(6) Финансиската полиција ги осигурува финансиските полицајци во случај на смрт, телесно оштетување или губење на работната способност за време на вршење на работите од нивна надлежност.

(7) Финансиски полицаец кој во вршењето на работите и задачите ќе го загуби животот ќе се погребе на трошок на Финансиската полиција, а на неговото семејството му припаѓа еднократен паричен надоместок во висина на вкупниот износ од остварените плати во последните 24 месеци.

**Распоредување**

**Член 46**

(1) Финансискиот полицаец, по потреба, заради извршување на надлежностите на Финансиската полиција, може да биде распореден на друго работно место кое одговара на степенот на неговото образование за што одлучува директорот.

(2) Распоредувањето на определено време може да трае до шест месеци, со можност за продолжување од дополнителни шест месеци. По престанокот на потребата за распоредување, финансискиот полицаец се враќа на поранешното или слично слободно работно место.

(3) Во случаите на прераспоредување за определено време финансискиот полицаец има право на:
- надоместок на трошоци за превоз, доколку секој ден патува до друго место,
- утврден надоместок доволен за надоместување на дополнителни трошоци за храна, сместување и трошоците за превоз до постојаното живеалиште еднаш неделно, доколку финансискиот полицаец привремено определено време престојува надвор од местото на живеење и
- надоместок за трошоците за селење, доколку прераспоредувањето трае повеќе од шест месеци.

(4) Кога кај финансиски полицаец е утврдено дека поради нарушена психофизичка или општа здравствена способност е неспособен за вршење на работите и задачите од работното место со овластување за носење и употреба на службено огнено оружје на кое е распореден, а истовремено не ги исполнува условите за стекнување право на инвалидска пензија согласно закон, директорот ќе го распореди на неопределено време на соодветно работно место без овластување за носење и употреба на службено огнено оружје.

**Унапредување**

**Член 47**

(1) Финансискиот полицаец во зависност од постигнатите исклучителни и натпросечни резултати во работењето, стручното знаење и способности во работењето, залагањето, креативноста и совесноста при извршувањето на службените должности може да биде унапреден на повисоко работно место одлучува директорот по добиена согласност од министерот за финансии, за што се објавува интерен оглас.. 8

(2) Постапката за спроведување интерен оглас се уредува со оперативна инструкција која ја донесува директорот.

(3) Финансискиот полицаец може да биде унапреден доколку ги исполнува следниве услови:
- работното место на кое се унапредува е слободно (непополнето или упразнето),
- во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,
- ги има завршено обуките утврдени за работното место на кое се унапредува,
- било оценето со оцени “задоволува” или “се истакнува” на начин и под услови утврдени со овој закон,

- поминала најмалку една година од неговото последно унапредување и
- во последните 12 месеци не било казнувано поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, Колективен договор на Финансиската полиција и договорот за вработување.

**Работно време и одмор**

**Член 48**

(1) Поради потребите на службата, а по наредба на раководен финансиски полицаец - старешина, финансиските полицајци може да работат во смени, или со варијабилно работно време, вклучувајќи специфично работно време и прекувремено работење.

(2) Кога неодложни потреби тоа го бараат директорот, или од него овластен раководен финансиски полицаец, може на финансискиот полицаец да му го одложи, односно прекине користењето на годишниот одмор.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, финансискиот полицаец има право на надоместок на стварните трошоци настанати со одложувањето, односно прекинувањето на годишниот одмор.

**Посебни права**

**Член 49**

Финансиските полицајци при вршење на своите овластувања имаат посебни права да:
1) влегуваат и да имаат слободен премин на станиците, аеродромите, пристаништата и јавните паркинзи само со покажување на службена легитимација;
2) бесплатна употреба на јавен превоз и
3) посебна заштита на нивната личност, семејство и имот, по нивно барање, во местото на живеење секогаш кога за тоа постојат сериозни безбедносни причини.

**Оценување на работата**

**Член 50**

(1) Финансиските полицајци во текот на своето работење ќе бидат оценувани најмалку еднаш годишно од страна на непосреден раководен финансиски полицаец.

(2) Финансиските полицајци кои оправдано отсуствувале од работа подолго од шест месеци во текот на годината (боледување, неплатено отсуство итн.) нема да бидат оценувани.

(3) Оценувањето на финансиските полицајци се врши врз основа на податоци кои се однесуваат на:
- стручното знаење и способности во работењето,
- залагањето,
- постигнатите резултати,
- креативноста и
- совесноста.

(4) Податоците се оценуваат поединечно, бројчено со оценка од еден до четири и описно со следниве описни оцени "се истакнува", "задоволува", "делумно задоволува" и "не задоволува".

(5) Финансискиот полицаец кој не е задоволен од оценката, може во рок од осум дена од денот на оценувањето да поднесе барање за преиспитување на оценката до Комисијата за преиспитување на оценката која ја формира директорот.

(6) Резултатите од оценувањето ќе служат како основа за унапредувањето или прераспоредувањето на друго работно место.

(7) Начинот на оценување на работењето на финансиските полицајци, видовите на извештаи, формата и содржината на образецот за оценување и другите обрасци ги пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

**Кодекс на однесување**

**Член 51**

(1) Финансиските полицајци се должни да ги почитуваат највисоките стандарди на сопствениот интегритет и интегритетот на раководните финансиски полицајци - старешини во Финансиската полиција во извршување на сите активности кои ја вклучуваат јавноста, како и органите на државната управа и другите државни органи.

(2) Кодексот на однесување ги опишува стандардите на однесување кои треба да се почитуваат од сите финансиски полицајци и дава насоки и упатства за решавање на етичките прашања за оние кои работат во Финансиската полиција и оние кои соработуваат и работат со финансиските полицајци.

(3) Случаите на спротивно однесување на Кодексот на однесување можат да бидат предмет на дисциплинска одговорност, вклучувајќи ја и мерката престанок на работен однос со отказ.

(4) Кодексот на однесување го пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

## XIV. ДИСЦИПЛИНСКА И МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

**Дисциплинска одговорност**

**Член 52**

(1) За кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, финансискиот полицаец одговара дисциплински.

(2) Одговорноста за сторено кривично дело не ја исклучува дисциплинската одговорност на финансискиот полицаец.

**Видови на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски**

**Член 53**

(1) Финансискиот полицаец одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

(2) Дисциплинска неуредност, во смисла на ставот (1) на овој член, е полесна повреда на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

(3) Дисциплински престап, во смисла на ставот (1) на овој член, е потешка повреда на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

**Видови на дисциплински мерки**

**Член 54**

(1) Во случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, утврдени со овој закон, на финансискиот полицаец може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:
1) писмена опомена;
2) парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата на финансискиот полицаец, во траење од еден до шест месеци;
3) распоредување на работно место кое согласно со хиерархијата на работни места утврдени во актот за систематизација на работните места во Финансиската полиција е најмногу два степена пониско од работното место од кое финансискиот полицаец се распоредува и
4) прекин на договорот за вработување.

(2) При изрекување на дисциплинските мерки од ставот (1) на овој член се земаат предвид степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е сторено кршењето на работниот ред и дисциплина или неисполнувањето на работните обврски, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, околностите под кои е сторена повредата и други олеснувачки и отежнувачки околности.

**Дисциплинска неуредност**

**Член 55**

(1) Финансискиот полицаец врши дисциплинска неуредност, односно полесно кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој и друг закон, Колективниот договор, прописите за Финансиската полиција и договорот за вработување, доколку:
1) не го почитува работниот ред и дисциплина;
2) не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;
3) не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;
4) не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време;
5) не побара отсуство или навремено писмено не го извести директорот, односно непосредниот раководител или друг одговорен работник за отсуството од работа;
6) поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа веднаш или најкасно во рок од 24 часа не го извести директорот, односно непосредниот раководител или друг одговорен работник;
7) со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;
8) настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести директорот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник;

9) не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;
10) предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;
11) незаконски или неовластено ги користи средствата на Финансиската полиција и
12) избегнува обука.

(2) За дисциплинските неуредности од ставот (1) на овој член може да се изрече писмена опомена или парична казна во висина од 15% од едномесечниот износ на нето платата исплатена на финансискиот полицаец во месецот пред извршување на дисциплинската неуредност во траење од еден до три месеци.

(3) Дисциплинските мерки против финансискиот полицаец за дисциплинска неуредност ги изрекува директорот, а по претходен писмен предлог од непосредниот раководен финансиски полицаец или повисокиот раководен финансиски полицаец.

**Дисциплински престап**

**Член 56**

(1) Финансискиот полицаец врши дисциплински престап, односно потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на Финансиската полиција и договорот за вработување, доколку:
1) неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;
2) го злоупотреби боледувањето;
3) не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;
4) внесе, употреби или е под дејство на алкохол и наркотични средства;
5) стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на Финансиската полиција;
6) не се придржува до одредбите од Законот за класифицирани информации;
7) изврши злоупотреба на лични податоци;
8) го злоупотреби или пречекори даденото овластување;
9) избегнува лекарски преглед заради утврдување на работната способност;
10) непристојно се однесува спрема странки;
11) противправно прибавува лична корист во врска со вршењето на работите и задачите;
12) изврши послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност кои на финансискиот полицаец му се доверени во вршењето на работите и задачите и
13) основа, раководи, застапува, претставува политичка партија, членува во органите на партијата утврдени со нејзиниот статут, изразува и застапува партиски ставови и убедувања во вршењето на работите и задачите, носи или истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Финансиската полиција и партиски се организира или дејствува во Финансиската полиција.
14) не се јави на задолжителен психијатриски и психолошки преглед и не се советува со психолог на кои е упатен.

(2) За дисциплинските престапи од ставот (1) на овој член може да се изрече писмена опомена, парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата на финансискиот полицаец во траење од еден до шест месеци, распоредување на работно место кое согласно со хиерархијата на работни места утврдени во актот за систематизација на работните места во

Финансиската полиција е најмногу два степена пониско од работното место од кое финансискиот полицаец се распоредува и прекин на договорот за вработување.

(3) Дисциплинските мерки против финансискиот полицаец за дисциплински престап ги изрекува директорот со исклучок на мерката прекин на договорот за вработување која на предлог на директорот ја изрекува министерот за финансии.

**Збир на парични казни**

**Член 57**

Збирот на парични казни на финансискиот полицаец во еден месец за полесни и потешки повреди на работниот ред и дисциплина не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна нето плата за тој месец.

**Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност**

**Член 58**

Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на финансискиот полицаец за дисциплински престап може да поднесе непосредниот раководен финансиски полицаец или повисокиот раководен финансиски полицаец и надлежен јавен обвинител за финансиските полицајци упатени во истражен центар. Предлогот мора да биде образложен и поткрепен со факти и докази.

(2) Предлог за утврдување на дисциплинска одговорност на овластено службено лице во Финансиската полиција може да се поднесе и по:
- иницијатива покрената од Народниот правобранител и
- писмено известување на јавниот обвинител од Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а по претходно доставено известување од Финансиската полиција согласно со членот 27-а од овој закон 9

**Водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност**

**Член 59**

(1) За водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на финансискиот полицаец за дисциплински престап во случаите утврдени со овој закон, директорот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлог за поведување на дисциплинска постапка формира комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од претседател и два члена од кои еден раководен финансиски полицаец - старешина и еден финансиски полицаец со исто звање како и финансискиот полицаец против кого се води дисциплинска постапка. Претседателот и членовите имаат свои заменици.

(3) Комисијата од ставот (1) на овој член постапката за утврдување на дисциплинска одговорност ја води согласно со овој закон.

(4) Комисијата од ставот (1) на овој член, по спроведената дисциплинска постапка, му предлага соодветна дисциплинска мерка на директорот.

(5) Ако комисијата од ставот (1) на овој член утврди дека финансискиот полицаец не е одговорен или не се исполнети условите за донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка му предлага на директорот да го отфрли предлогот или да ја запре постапката.

(6) Директорот, врз основа на предлогот на комисијата, донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка, отфрлање на предлогот или за запирање на постапката.

(7) Ако директорот не се согласува со предлогот на комисијата поради неправилно или нецелосно утврдена фактичка состојба или погрешна примена на материјалното право, предметот може да го врати на комисијата на повторно постапување.

(8) Решението за изрекување на дисциплинска мерка се врачува лично на финансискиот полицаец, по правило, во работните простории на органот во кој финансискиот полицаец работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето.

(9) Ако финансискиот полицаец не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во Финансиската полиција. По изминувањето на три работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(10) Дисциплинската постапка завршува во рок од 60 дена сметано од денот на донесувањето на решение за формирање на комисијата од ставот (1) на овој член.

**Отстранување на финансискиот полицаец од работното место - суспензија**

**Член 60**

(1) До донесување на решение во дисциплинска постапка што се води против одреден финансиски полицаец, финансискиот полицаец со писмена одлука - решение се отстранува од работното место и од Финансиската полиција во случаите утврдени со прописите за работните односи, ако настане една од следниве ситуации:
- непосредно се загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средства од поголема вредност,
- присуството на работното место и натамошната работа штетно ќе се одрази врз работењето на Финансиската полиција и
- кога против финансискиот полицаец е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата.

(2) За време на отстранувањето од работното место и од Финансиската полиција, на финансискиот полицаец му се утврдува и исплатува надоместок во висина од 60% од износот на нето платата што финансискиот полицаец ја остварил во месецот пред отстранувањето од работното место.

(3) Решението од ставот (1) на овој член го донесува директорот.

(4) Решението од ставот (1) на овој член се врачува лично на финансискиот полицаец, по правило, во работните простории на органот во кој финансискиот полицаец работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето.

(5) Ако финансискиот полицаец не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во Финансиската полиција. По изминувањето на три работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(6) Финансискиот полицаец има право на жалба против решението од ставот (1) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(7) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го одложува извршувањето на решението.

(8) Во случај на враќање на работа и доколку не се утврди постоење на дисциплинска одговорност, на финансискиот полицаец му следува надоместок ретроактивно до 100% од нето платата.

**Решение за изрекување на дисциплинска мерка**

**Член 61**

(1) Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи и образложение за основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка.

(2) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на финансискиот полицаец треба да се донесе во рок од три месеци од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од шест месеци од денот кога е сторена повредата.

(3) Кога за сторен дисциплински престап е покрената и кривична постапка за финансискиот полицаец, решението за изрекување на дисциплинска мерка се донесува најдоцна до истекот на рокот за застареност за кривично гонење на соодветното кривично дело.

(4) Во случај кога е известено Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција согласно со членот 27-а од овој закон, решението за изрекување на дисциплинска мерка за тоа овластено службено лице, директорот на Управата за финансиска полиција е должен да го донесе во рок од 12 месеци од денот на приемот на известувањето на јавниот обвинител од Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

(5) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка или отфрлање на предлогот, односно за запирање на постапката, финансискиот полицаец има право на жалба преку Финансиската полиција до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(6) Жалбата го задржува извршувањето на решението до донесување на конечна одлука или истек на рокот во кој требало да одлучи Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен. Финансиската полиција е должна жалбата, со

придружните списи, да го достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од приемот на жалбата.

**Материјална одговорност**

**Член 62**

(1) Финансискиот полицаец е одговорен за штетата која на работа или во врска со работа, со умисла или од крајна небрежност, ја предизвикал на Финансиската полиција.

(2) Директорот формира комисија за утврдување на материјална одговорност на финансискиот полицаец која е составена од претседател и два члена и нивни заменици.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член за утврдената фактичка состојба поднесува извештај врз основа на кој директорот донесува решение за надоместок на штета.

**Член 63**

Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност против финансиски полицаец поднесува непосредниот раководен финансиски полицаец или повисокиот раководен финансиски полицаец.

**Член 64**

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе, ако поминале 60 дена од денот кога непосредно раководниот финансиски полицаец или повисокиот раководен финансиски полицаец дознал за тоа.

**Член 65**

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се покрене, ако од денот кога е сторена материјална штета поминала една година.

**Член 66**

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се води подолго од 60 дена, сметано од денот на донесувањето на решението за формирање на комисијата за утврдување на материјална одговорност на финансискиот полицаец.

**Член 67**

(1) Против решението за надоместок на штета финансискиот полицаец има право да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен преку Финансиската полиција, во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

(2) Жалбата го задржува извршувањето на решението до донесување на конечна одлука или истекот на рокот во кој требала да одучи Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 68**

Постапката за утврдување на материјална одговорност на финансискиот полицаец се уредува со оперативна инструкција кој ја донесува директорот.

**Член 69**

Ако финансискиот полицаец во рок од три месеци од конечноста на решението за надоместок на штета не ја надомести штетата, Финансиската полиција поведува постапка пред надлежниот суд.

**Член 70**

Директорот може целосно или делумно да го ослободи финансискиот полицаец од надоместување на штетата, доколку таа не е сторена со умисла или доколку со исплатата на надоместокот на штетата се загрозува егзистенцијата на финансискиот полицаец и неговото семејство.

**Право на отказен рок**

**Член 71**

Доколку на финансискиот полицаец поради дисциплински престап му биде изречена мерката откажување на договорот за вработување, финансискиот полицаец има право на отказен рок во траење од 30 дена од денот на врачувањето на решението за откажување на договорот за вработување.

**Отсуство од работа за време на отказниот рок**

**Член 72**

За време на отказниот рок Финансиската полиција е должна на финансискиот полицаец да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување, четири часа во текот на работната недела.

**Право на плата за време на отказниот рок**

**Член 73**

За време на отказниот рок и отсуство од работа заради барање на ново вработување, на финансискиот полицаец му се утврдува и исплатува надоместок во висина на платата што финансискиот полицаец ја остварил во месецот пред донесувањето на решението за откажување на договор за вработување.

## XV. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**Член 74**

(1) За долгогодишна стручна работа, организациски унапредувања, успех во вршењето на работните задачи, подобрување на угледот на службата, на финансиските полицајци, на органите на државната управа или други државни органи, на носители на јавни овластувања и поединци, им се доделуваат признанија.

(2) Финансиските полицајци можат да добијат и еднократен износ на парична награда за постигнати натпросечни, исклучителни резултати во работењето.

(3) Парични награди во еднократен паричен износ се доделуваат и на соработниците на правдата на Финансиската полиција во откривање на финансискиот криминал.

(4) Признанијата и наградите од ставовите (1) и (2) на овој член, по правило, се доделуваат на денот на Финансиската полиција.

(5) За доделување на признанијата и паричните награди одлучува директорот по добиена согласност од министерот за финансии.

(6) Ден на Финансиската полиција е 26 јуни.

## XVI. ИНФОРМИРАЊЕ

### Член 75

(1) Финансиската полиција за својата работа подготвува годишен извештај за работата во претходната година и истиот го поднесува преку министерот за финансии до Владата на Република Македонија, најдоцна до крајот на јануари во тековната година за информирање.

(2) Финансиската полиција преку печатените и електронските медиуми со извештаи, информации, соопштенија или на друг погоден начин ја информира јавноста за својата работа во согласност со Уставот и со закон, на начин што ќе се води сметка да не се загрозат доверливоста и успешноста на предистражна постапка, како и правата на трети лица.

## XVII. ФИНАНСИРАЊЕ

### Член 76

(1) Средствата за работа, унапредување, модернизација и опремување на Финансиската полиција, како и за стимулирање на финансиските полицајци се обезбедуваат од буџетот на Финансиската полиција.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 77

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

**Член 78**

Директорот на Управата за финансиска полиција продолжува да ја врши функцијата директор на Управата за финансиска полиција до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 79**

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за финансиската полиција ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2007), освен одредбите за надлежностите и овластувањата на финансиските полицајци кои ќе се применуваат до започнувањето на примената на Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 150/10 и 100/12).

**Член 80**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбите од Главата IV од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примена на Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 150/10 и 100/12).

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2014):
**Член 6**
Директорот и заменик на директорот именувани до денот на започнувањето на примената на членот 4 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2014):
**Член 7**
Одредбите на членот 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Одредбите на членовите 1, 2 и 5 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со денот на започнувањето на примена на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2015):
**Член 6**
(1) Финансискиот полицаец кој засновал работен однос во Финансиската полиција до денот на влегувањето во сила на овој закон, треба до директорот, да достави докази за познавање на

англиски јазик и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Финансискиот полицаец кој нема да достави докази за познавање на англиски јазик и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење согласно став (1) од овој член, со решение на директорот, ќе биде распореден на работно место за едно ниво пониско од работното место на кое бил распореден до денот на влегувањето во сила на овој законот, освен финансиските полицајци кои до денот на влегувањето во сила на овој закон биле распоредени на работно место - помлад инспектор, на кои ќе им биде намалена платата во износ од 10%.
(3) Финансискиот полицаец - помлад инспектор на кој согласно ставот (2) на овој член платата му била намалена во износ од 10% може во секој момент да достави докази за познавање на англиски јазик и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење до директорот, по што истиот носи решение со кое решението за намалувањето на платата престанува да важи.
(4) Ставовите (1) и (2) на овој член не важат за финаниски полицајци, кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување на Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2016):
**Член 3**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2018):
**Член 2**
Одредбите од членот 9 став (6) точка 5) од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 12/14, 43/14, 33/15 и 27/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 9 став (6) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2018):
**Член 3**
Директорот и заменик на директорот на Финансиската полиција кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.
На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.